# ОДГОВАРАЊЕ НА БОЖЕСТВЕНАТА ЛИТУРГИЈА НА СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

# ОДГОВАРАЊЕ НА
# БОЖЕСТВЕНАТА ЛИТУРГИЈА НА
# СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

Минхен, 2025-то лето Господово

Слава на Бога за сè!

Со благослов на неговото високопреосвештенство

**Митрополит Европски г. Пимен**

**Издавач:**

Македонска Православна Црковна Општина

Света Троица – Минхен

со парохискиот свештеник о. Миле Велјановски

www.mpcminhen.de

Напомена:

Ова брошура е одговарање на Божествената Литургија на Свети Јован Златоуст. Текстовите се водат по Служебникот на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија.

© Mazedonische Orthodoxe Kirchengemeinde Sv. Troica e.V.

## *Литургија на Огласени*

Свештеник: Благословено е царството на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

## *Мирна ектенија*

Свешт: Во мир да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За небесен мир и за спасение на нашите души, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За мир во целиот свет, за благосостојба на светите Божји Цркви за соединување на сите, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За овој свет храм, и за оние што влегуваат во него со вера, набожност и страв Божји, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За блаженејшиот архиепископ (или: за високопреосвештенејшиот митрополит, или: за преосвештенејшиот епископ) наш (името), за чесното свештенство, во Христа ѓаконството, за сиот клир и за сите луѓе, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За благочестивиот и христољубив народ наш, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За да му помага во сѐ и да покори под нозете негови секаков непријател и противник, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За овој град, за секој град, земја, и сите кои живеат во нив со вера, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За благотворен воздух, за изобилие на земни плодови и за мирни времиња, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За оние што пловат, патуваат, боледуваат, страдаат, за заробените и за нивно спасение, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За да се избавиме од секаква тага, гнев и опасност, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Боже, заштити нѐ, спаси, помилуј и запази нѐ со Твојата благодат.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Спомнувајќи ја пресветата, пречиста, преблагословена, славна, владичица наша, Богородица и секогаш Дева Марија, со сите светии, самите себе, еден друг и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народ**: Тебје, Господи.** (бавно)

Свешт: Зашто, Тебе Ти прилега секаква слава, чест и поклонение, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин. Молитвами Богородици, Спасе, спаси нас.** (трипати)

***Мала ектенија***

Свешт: Пак и пак, во мир да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Боже, заштити нѐ, спаси, помилуј и запази нѐ со Твојата благодат.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Спомнувајќи ја пресветата, пречиста, преблагословена, славна, владичица наша, Богородица и секогаш Дева Марија, со сите светии, самите себе, еден друг и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народ**: Тебје, Господи.**

Свешт: Зашто Твоја е власта и Твое е царството и силата и славата, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин. Спаси ни, Сине Божиј, Воскресиј из мертвих** (доколку не е недела се пее наместо Воскресиј из мертвих: ... во Свјатих дивен сиј) **појуштија ти: Алилуија.** (трипати)

**Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу и ниње и присно и во вјеки вјеков. Амин. Единороднiј Сине и Слове Божиј, безмертен сиј и изволивиј спасенија нашего ради, воплотитисја от свјатија Богородици и присноdјеви Марии, непреложно вочеловјечивијсја: распнијсја же Христе Боже, смертију смерт поправиј, един сиј Свјатија Троици, спрослављајемиј Отцу и Свјатому Духу, спаси нас.**

***Мала ектенија***

Свешт: Пак и пак, во мир да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Боже, заштити нѐ, спаси, помилуј и запази нѐ со Твојата благодат.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Спомнувајќи ја пресветата, пречиста, преблагословена, славна, владичица наша, Богородица и секогаш Дева Марија, со сите светии,

самите себе, еден друг и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народ**: Тебје, Господи.**

Свешт: Зашто, си добар и Човекољубец Бог, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

(тропари или блаженства)

**Блажени милостиви, јако тии помилованi будут.**

**Блажени чисти сердцем, јако тии Бога узрјат.**

**Блажени миротворци, јако тии синове Божији нарекутсја.**

**Блажени изгнани правди ради, јако тјех ест Царство небесное.**

**Блажени есте, егда поносјат вам, и изженут, и рекут всјак зол глагол на ви, лажушче Мене ради.**

**Радујтесја и веселитесја, јако мазда ваша многа на Небесјех.**

**Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу.**

**И ниње и присно и во вјеки вјеков. Амин.**

### ***Мал вход***

Свешт: Премудрост, простум.

Народ**: Придите, поклонимсја и припадем ко Христу. Спаси ни, Сине Божиј, Воскресиј из мертвих** (доколку не е недела се пее наместо Воскресиј из мертвих: ... во Свјатих дивен сиј) **појуштија Ти: Алилуја.**

(Се пеат тропарите и кондаците)

Свешт: Да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Зашто си свет Боже наш, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

**Свјатиј Боже, Свјатиј Крјепкиј, Свјатиј Безсмертниј, помилуј нас.** (трипати)

**Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу и ниње и присно и во вјеки вјеков. Амин. Свјатиј Безсмертниј, помилуј нас. Свјатиј Боже, Свјатиј Крјепкиј, Свјатиј Безсмертниј, помилуј нас.**

(или:)

Елици во Христа креститесја, во Христа облекостесја. Алилуја. (трипати)

***Се читаат Апостол и Свето Евангелие***

Свешт: Да внимаваме. Мир на сите.

Народ**: И духови твоему.**

Свешт: Премудрост.

Чтец**:** Прокимен глас ...

Свешт: Премудрост.

Чтец**:** Од посланието на Светиот Апостол Павле до ... чтение.

Свешт: Да внимаваме.

(чтецот го чита Апостолот)

Свешт: Мир ти, што ни читаше.

Народ**: Алилуја, алилуја, алилуја.**

Свешт: Премудрост, простум да го ислушаме светото Евангелие. Мир на сите.

Народ**: И духови твоему.**

Свешт: Ќе се чита светото Евангелие според ...

Народ**: Слава Тебје, Господи, слава Тебје.**

Свешт: Да внимаваме.

(се чита Светото Евангелие)

Народ**: Слава Тебје, Господи, слава Тебје.**

***Сугубна ектенија***

Свешт: Да речеме сите од сета душа и од сета наша помисла, да речеме.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Господи, Седржителу, Боже на нашите татковци, Ти се молиме чуј нè и помилуј.

Народ: **Господи, помилуј.**

<u>Свешт</u>: Помилуј нè Боже, по Товјата голема милост, Ти се молиме чуј нè и помилуј.

Народ: **Господи, помилуј.** (<u>трипати</u>)

<u>Свешт</u>: Уште се молиме за благочестивиот, христољубив и православен народ наш, за неговиот живот, мир, здравје и спасение, и Господ нашиот Бог, да му помага во сè, и да покори под неговите нозе секаков непријател и противник.

Народ: **Господи, помилуј.** (<u>трипати</u>)

<u>Свешт</u>: Уште се молиме за блаженејшиот архиепископ (или: за високопреосвештенејшиот митрополит, или: за преосвештенејшиот епископ) наш (името) и за сето во Христа наше братство.

Народ: **Господи, помилуј.** (<u>трипати</u>)

<u>Свешт</u>: Уште се молиме за блажените и секогаш спомнувани создатели на овој свет храм, и за сите порано упокоени оци и браќа наши, кои почиваат овде и насекаде во православните земји.

Народ: **Господи, помилуј.** (<u>трипати</u>)

<u>Свешт</u>: Уште се молиме за милост, живот, мир, здравје, спасение, посетување, простување и разрешување од гревовите на Божјите раби, сите благочестиви и православни христијани, кои живеат во оваа парохија и во овој град, настојателите и браќата на овој свет храм.

Народ: **Господи, помилуј.** (тripaти)

Свешт: Уште се молиме за оние кои придонесуваат и добро прават за овој свет и сечесен храм, за оние кои се трудат, пеат и за луѓето што присуствуваат очекувајќи од Тебе голема и богата милост.

Народ: **Господи, помилуј.** (трипати)

Свешт: Зашто си милостив и Човекољубец Бог, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вековите на вековите.

Народ: **Амин.**

*(Доколку Литургијата е заупокоена)*

Свешт: Помилуј нѐ, Боже, по Твојата голема милост, Ти се молиме чуј нѐ и помилуј.

Народ: **Господи, помилуј.** (трипати)

Свешт: Уште се молиме за упокоение на душата на починатиот раб Божји (рабина Божја) (името) и да му (ѝ) се прости секое прегрешение волно и неволно.

Народ: **Господи, помилуј.** (трипати)

Свешт: Та, Господ Бог да ја всели неговата душа (нејзината душа) таму каде што почиваат праведниците.

Народ: **Господи, помилуј.** (трипати)

Свешт: Милост Божја, царството небеско и простување на гревовите од Христа, безсмртниот Цар и Бог наш, просиме.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.** (бавно)

Свешт: Зашто Ти си воскресение, и живот и покој на починатиот Твој раб (починатата Твоја рабина / починатите Твои раби) (имињата) Христе, Боже наш, и Тебе слава Ти вознесуваме со беспочетниот Твој Отец и со пресветиот, благ и животворен Твој Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

***Ектенија за Огласени***

Свешт: Огласени, помолете се на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Верни, да се помолиме за огласените, Господ да ги помилува.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Да ги поучи со словото на вистината.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Да им го открие Евангелието на правдата.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Да ги присоедини во Својата света, соборна и апостолска Црква.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Боже, заштити ги, спаси, помилуј и запази ги со Твојата благодат.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Огласени, вашите глави приклонете ги пред Господа.

Народ**: Тебје, Господи.** (бавно)

Свешт: Та и тие со нас да Го слават Твоето пречесно и великолепно име на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

Свешт: Кои сте огласени, излезете, огласени, излезете, кои сте огласени, излезете, да нема од огласените, а вие, верните, пак и пак во мир да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.** (бавно)

***Литургија на верни***

Свешт: Боже, заштити нè, спаси, помилуј и запази нè со Твојата благодат.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Премудрост.

Свешт: Зашто Тебе Ти прилега секоја слава, чест и поклонение, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

Свешт: Пак и пак во мир на Господа да се помолиме.

Народ: **Господи, помилуј.** (бавно)

Свешт: Боже, заштити нѐ, спаси, помилуј и запази нѐ со Твојата благодат.

Народ: **Господи, помилуј.**

Свешт: Премудрост.

Свешт: Бидејќи постојано сме пазени под Твојата власт, Тебе слава Ти воснесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ: **Амин. Иже херувими тајно образујуште, и животворјаштеј Троицје, трисвјатују пјесан припјевајуште, всјакоје ниње житејское отложим попечение.**

***Голем вход***

Свешт: Вас и сите благочестиви и православни христијани да ве спомне Господ Бог во Своето царство, постојано, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ: **Амин. Јако да Царја всјех подимем, ангелскими невидимо дориносима чинми: Алилуја, алилуја, алилуја.**

***Прозбена ектенија***

Свешт: Да ја исполниме нашата молитва пред Господа.

Народ: **Господи, помилуј.**

Свешт: За предложениве чесни дарови, да се помилиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За овој свет храм и за оние што влегуваат во него со вера, набожност и страв Божји, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За да се избавиме од секаква тага, гнев и опасност, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.** (бавно)

Свешт: Боже, заштити нè, спаси, помилуј и запази нè со Твојата благодат.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Целиот ден совршен, свет, мирен и безгрешен, го просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Ангел на мирот, верен раководител, чувар на нашите души и тела, просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Прошка и разрешување на нашите гревови и прегрешенија, просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Сѐ што е добро и полезно за нашите души и мир во светот, просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Останатото време од нашиот живот да го поминеме во мир и покајание, просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Христијански крај на нашиот живот, безболен, непосрамен, мирен; и да дадеме добар одговор на страшниот Христов суд, просиме.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Спомнувајќи ја пресветата, пречиста, преблагословена, славна, владичица наша, Богородица и секогаш Дева Марија, со сите светии, самите себе, еден друг и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народ**: Тебје, Господи.**

Свешт: По милосрдието на Твојот Единороден Син, со Кого си благословен, со пресветиот, и благиот и животворен Твој Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

Свешт: Мир на сите.

Народ**: И духови твојему.**

Свешт: Да се сакаме еден со друг, та со едномислие да исповедаме.

Народ: **Отца и Сина и Свјатаго Духа, Троицу единосуштнују у нераздјелнују.**

Свешт: Двери, двери, со премудрост да внимаваме!

Народ: **Верувам во Едниот Бог Отец, Седржител, Творец на небото и на земјата и на сè видливо и невидливо; И во Единиот Господ Исус Христос, Син Божји, Единороден, Кој е роден од Отецот пред сите векови; Светлина од Светлина, вистински Бог од Бога вистински, роден, нестворен, единосуштен на Отецот, преку Кого сè станало; Кој заради нас луѓето и заради нашето спасение, слезе од небото и се воплоти од Светиот Дух и Марија Дева и стана човек; И беше распнат заради нас во времето на Понтиј Пилат и страдаше и беше погребен; И воскресна во третиот ден, според Писмото; И се вознесе на небо и седи оддесно на Отецот; И пак ќе дојде со слава да им суди на живите и на мртвите и Неговото Царство не ќе има крај; И во Светиот Дух, Господ, Кој живот твори, Кој излегува од Отецот, на Кого Му се поклонуваме и Го славиме заедно со Отецот и Синот и Кој говорел преку пророците; Во една, света, соборна и апостолска Црква; Исповедувам едно крштение за простување на гревовите; Го чекам воскресението на мртвите; И животот во идниот век. Амин.**

Свешт: Да застанеме добро, да стоиме со страв, да внимаваме, светиот Принос во мир да го принесеме.

Народ**: Милост мира, жертву хваленија.**

Свешт: Благодатта на нашиот Господ Исус Христос, и љубовта на Бога и Отецот и заедницата на Светиот Дух, да бидат со сите вас.

Народ**: И со духом твојим.**

Свешт: Горе да ги имаме срцата.

Народ**: Имами ко Господу.**

Свешт: Да му благодариме на Господа.

Народ**: Достојно и праведно ест поклањатисја Отцу и Сину и Свјатому Духу, Троицје единосуштнеј и неразделнеј.**

Свешт: Победната песна ја пеат, воскликнуваат, извикуваат и говораат.

Народ**: Свјат, Свјат, Свјат Господ Саваот, исполн небо и земља слави Твоеја: осана в´вишних, благословен грјадиј во имја Господне, осана в´вишних.**

Свешт: Примете, јадете, ова е Моето Тело, кое за вас се прекршува, за простување на гревовите.

Народ**: Амин.**

Свешт: Пијте од неа сите, ова е Мојата Крв на Новиот завет, која за пролева за вас и за мнозина, за простување на гревовите.

Народ**: Амин.** (бавно)

Свешт: Твои од Твоите, Тебе Ти принесуваме, за сите и за сè.

Народ**: Тебе поем, Тебе благословим, Тебје благодарим, Господи, и молимтисја, Боже наш. И молимтисја Боже, наш. И молимтисја, Боже наш.**

Свешт: Особено за пресветата, пречиста, преблагословена, славна Владичица наша, Богородица и секогаш Дева Марија.

Народ**: Достојно ест јако воистину блажити тја Богородицу, присноблаженују и пренепорочнују, и матер Бога нашего. Честнејшују херувим и славнејшују без сравненија серафим, без истленија Бога Слова рождшују, суштују Богородицу тја величаем.**

(на Велигден - до Спасовден)

Ангел вопијаше благодатнеј, чистаја Дјево радујсја, и паки реку радујсја: Твој Син воскресе тридневен от гроба, и мертвија воздвигнувиј људије веселитесја. Свјетисја, свјетисја, новиј Јерусалиме, слава бо Господња на Тебје возсија; ликуј ниње и веселисја Сионе, Ти же, чистаја, красујсја Богородице о востании Рождества Твоего.

Свешт: Најнаред спомни го, Господи, блаженејшиот архиепископ (или: високопреосвештенејшиот митрополит, или: преосвештенејшиот епископ) наш (името) и дарувај го на Твоите свети цркви, во мир, цел,

чесен, здрав, долговечен; правилно да раководи со словото на Твојата Вистина.

Народ**: И всјех и всја.**

Свешт: И дај ни, со една уста и едно срце да Го славиме и воспеваме Твоето пречесно и великолепно име, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

Свешт: И да бидат милостите на Великиот Бог и Спасителот наш, Исус Христос, со сите вас.

Народ**: И со духом твојим.**

Свешт: Откако ги спомнавме сите светии, пак и пак во мир да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За принесениве и осветени чесни дарови, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Та човекољубивиот Бог наш, откако ќе ги прими во Својот свет, наднебесен и духовен жртвеник, како благопријатна духовна миризба, да ни ја испрати божествената благодат и дарот на Светиот Дух, да се помолиме.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: За да се избавиме од секаква тага, гнев и опасност, да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.** (бавно)

Свешт: Боже, заштити нè, спаси, помилуј и запази нè со Твојата благодат.

Народ**: Господи, помилуј.**

Свешт: Целиот ден совршен, свет, мирен и безгрешен, го просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Ангел на мирот, верен раководител, чувар на нашите души и тела, просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Прошка и разрешување на нашите гревови и прегрешенија, просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Сè што е добро и полезно за нашите души и мир во светот, просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Останатото време од нашиот живот да го поминеме во мир и покајание, просиме од Господа.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Христијански крај на нашиот живот, безболен, непосрамен, мирен; и да дадеме добар одговор на страшниот Христов суд, просиме.

Народ**: Подај, Господи.**

Свешт: Откако испросивме соединување во верата и заедница со Светиот Дух, самите себе, еден друг и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народ**: Тебје, Господи.**

Свешт: И удостој нè, Владико, со смелост и без осуда да смееме да Те повикуваме Тебе, небесниот Бог Отец и да изговараме:

Народ**: Отче наш, иже еси на небесјех, да свјатитсја имја Твоје, да приидет царствие Твое: да будет воља Твоја, јако на небеси и на земли. Хлеб наш насушниј дажд нам днес, и остави нам долги нашја, јакоже и ми остављаем должником нашим: и не в´веди нас во искушение, но избави нас от лукаваго.**

Оче наш, Кој си на небесата, да свети името Твое, да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небесата, така и на земјата; лебот наш насуштен дај ни го денес; и прости ни ги долговите наши, како што им ги проштеваме и ние на нашите должници; и не воведувај нè во искушение, но избави нè од лукавиот.

Свешт: Зашто Твое е царството, и силата и славата, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

Свешт: Мир на сите.

Народ**: И духови твојему.**

Свешт: Главите ваши приколнете ги пред Господа.

Народ**: Тебје, Господи.** (бавно)

Свешт: По благодатта, добрините и човекољубието на Единородниот Твој Син, со Кого си благословен, со пресветиот, и благиот и животворниот Твој Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

Свешт: Да внимаваме. Светињите за светиите.

Народ**: Един Свјат, един Господ, Исус Христос, во славу Бога Отца. Амин.**

(Се пее причестен, нп. **Псалм 135**)

Свешт: Со страв Божји, вера и љубов, пристапете.

Народ**: Благословен градиј во имја Господне, Бог Господ и јависја нам.**

## ***Молитва пред Светото причестување***

Верувам, Господи, и исповедувам дека Ти си, навистина Христос, Син на живиот Бог, Кој дојде во светот да ги спасиш грешниците, од кои првиот сум јас. Уште верувам дека ова е Твоето вистинско пречисто

Тело и ова е Твојата вистинска чесна Крв. Затоа, Ти се молам: помилуј ме и прости ми ги моите прегрешенија, волни и неволни, направени со збор или со дело, во знаење или незнање, и удостој ме, неосудено да да се причестам со Твоите пречисти Тајни, за простување на гревовите и за вечен живот. Амин.

Сине Божји, прими ме денес, за учесник на Твојата тајна вечера, зашто нема да ја кажам тајната на Твоите непријатели, ниту целив ќе Ти дадам како Јуда, туку како разбојникот Те исповедувам: спомни си за мене, Господи, во Твоето царство.

Господи, причестувањето со Твоите свети Тајни, да не ми биде за суд и за осуда, но за исцеление на душата и телото. Амин.

(Додека верниците се причестуваат, се пее:)

Народ**: Тјело Христово примите, источника бесмертнаго вкусите, вкусите и видите јако благ Господ. Алилуија, алилуија, алилуија.**

<u>Свешт</u>: Спаси ги, Боже, Твоите луѓе и благослови го Твоето наследство.

Народ**: Видјехом свјет истиниј, пријахом Духа небеснаго, обрјетохом вјеру истинују, нераздјелнеј Троицје поклањајемсја: Та бо нас спасла ест.**

<u>Свешт</u>: Благословен е нашиот Бог, постојано сега и секогаш и во вечни векови.

Народ: **Амин. Да исполњатсја уста наша хваленија твоего, Господи, јако да појем славу Твоју, јако сподобил еси нас причаститисја свјатим Твоим, божественим, безсмертним и животворјаштим тајнам: собљуди нас во Твоеј свјатињи, вес ден поучатисја правдје Твоеј. Алилуја, алилуја, алилуја.**

Свешт: Откако ги примиве божествените, свети, пречисти, бесмртни, небесни и животворни, страшни Христови Тајни право стоејќи, достојно да Му благодариме на Господа.

Народ: **Господи, помилуј.**

Свешт: Боже, заштити нè, спаси, помилуј и запази нè со Твојата благодат.

Народ: **Господи, помилуј.**

Свешт: Откако го испросивме целиот ден совршен, свет, мирен и безгрешен, самите себе, еден друг и сиот наш живот на Христа Бога да го предадеме.

Народ: **Тебје, Господи.**

Свешт: Зашто Ти си нашето осветување и Тебе слава ти вознесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ: **Амин.**

Свешт: Со мир да излеземе.

Народ: **О имени Господни.**

Свешт: Да се помолиме на Господа.

Народ**: Господи, помилуј.**

***Задамвона молитва***

Свешт: Господи, Ти Кој ги благословуваш оние кои Те благословуваат и Кој ги осветуваш тие кои се надеваат на Тебе, спаси ги Твоите луѓе и благослови го Твоето наследството. Сочувај ја полнотата на Твојата Црква, освети ги тие шти го сакаат благолепието на Твојот дом; Ти прослави ги нив со Твојата божествена сила и не оставај нè нас, што се надеваме на Тебе. Дарувај му мир на Твојот свет, на Црквите Твои, на свештениците, на народот наш, на христољубивата бојска и на сите Твои луѓе. Зашто давањето на секое добро и секој совршен дар е од одозгора, доаѓа од Тебе, Отецот на светлината; и Тебе слава, и благодарност и поклонение Ти вознесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин. Буди имја Господне благословено от ниње и до вјека.** (трипати)

Свешт: Благословението Господово да дојде на вас со Неговата благодат и човекољубие, постојано сега и секогаш и во вечни векови.

Народ**: Амин.**

Свешт: Слава Ти, Христе, надеж наша, слава Ти.

Народ: **Слава Отцу и Сину и Свјатому Духу и ниње и присно и во вјеки веков. Амин. Господи помилуј, Господи помилуј, Господи помилуј.**

**Отче благослови!**

(Свештеникот го кажува Отпустот)

Народ**: Амин.**

Свешт: По молитвите на светите оци наши, Господи Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè.

Народ**: Амин.**

---

***Псалм 135***

***Благодарност на Бога за Неговата непрестајна милост***

Славете Го Господа, зашто е добар, зашто е вечна милоста Негова.

Славете Го Бога на боговите, зашто е вечна милоста Негова.

Славете Го Господа над господарите, зашто е вечна милоста Негова,

Единиот Кој прави големи чудеса, зашто е вечна милоста Негова;

Кој премудро го создаде небото, зашто е вечна милоста Негова;

Кој ја утврди земјата врз водите, зашто е вечна милоста Негова;

Единиот Кој ги создаде големите светила, зашто е вечна милоста Негова;

сонцето – да управува со денот, зашто е вечна милоста Негова;

месечината и ѕвездите – да управуваат со ноќта, зашто е вечна милоста Негова.

Кој го порази Египет и првородените негови, зашто е вечна милоста Негова;

Кој го изведе Израил од средината нивна, зашто е вечна милоста Негова;

со цврста рака и подигната мишка, зашто е вечна милоста Негова;

Кој го раздвои Црвеното Море, зашто е вечна милоста Негова;

и го преведе Израил среде него, зашто е вечна милоста Негова;

а фараонот и војската негова ги фрли во Црвеното Море, зашто е вечна милоста Негова.

Кој го преведе својот народ преку пустината, зашто е вечна милоста Негова;

Кој порази големи цареви, зашто е вечна милоста Негова;

и ги погуби силните цареви, зашто е вечна милоста Негова;

Сион, царот аморејски, зашто е вечна милоста Негова;

и Ог, царот вашански, зашто е вечна милоста Негова;

и му ја даде земјата во наследство, зашто е вечна милоста Негова;

во наследство на Својот слуга, Израил, зашто е вечна милоста Негова;

Кој се сеќава на нас во нашето понижување, зашто е вечна милоста Негова;

и нè избавува од непријателите наши, зашто е вечна милоста Негова;

и Кој дава храна на секоја плот, зашто е вечна милоста Негова.

Славете Го небесниот Бог, зашто е вечна милоста Негова.

МПЦО

СВЕТА ТРОИЦА

МИНХЕН